# ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДАНОК НА ДОБИВКА

## ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

- Правно лице/резидент на Република Северна Македонија - кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.
- Постојана деловна единица на нерезидент - која остварува добивка од вршење на дејност на територија на Република Северна Македонија.
- Здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, се обврзници за данок на вкупен приход за приходи од вршење стопанска дејност во рамките на нивното непрофитно делување, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари.
- Данокот на вкупен приход за овие обврзниците се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.
- Здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници за данок на добивка за приходи од членарини, доброволни прилози, донации, грантови, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, приходи од дивиденди од трговските друштва основани со средства на здружението, и приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата на Република Северна Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на Град Скопје.

## ДАНОЧНА ОСНОВА

Основа за пресметување на данокот на добивка претставува разликата меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди.

Даночна стапка изнесува 10%.

Даночната основа (разлика меѓу вкупните приходи и расходи) се зголемува за износот на непризнаените расходи и помалку искажани приходи.

Даночната основа се намалува за:

- Износот на наплатените побарувања до висината на искажаниот приход, за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа, соодветно на оданочениот износ.
- Износот на вратениот дел од заемот за кој во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа.
- Износот на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица.

- Износот на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став 1) точки 2), 3-6), 4), 5), и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход
- Износот на дивиденди остварени од резиденти на Република Северна Македонија со учество во капиталот на друг обврзник - резидент на Република Северна Македонија, под услов да се оданочени според стапката утврдена во Законот.
- Дел од загубата пренесена од претходни години.
- Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка).

## ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА

Даночните ослободувања се состојат во намалување на даночната основа и намалување на пресметаниот данок.

### Даночно ослободување за реинвестирана добивка

- Под реинвестирана добивка се подразбира добивката остварена со годишна сметка од претходната година која по пат на распределба е издвоена за инвестиции и која во наредната година е вложена за инвестициски вложувања од добивката за развојни цели и тоа: вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема), вклучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, освен вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања кои служат за административни цели.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК

Намалувањето на пресметаниот данок се извршува за:

- износот на одобреното даночно ослободување за набавени и ставени во употреба до 10 (десет) фискални системи на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување;
- износот на данок содржан во оданочени приходи/добивки во странство (задржан данок) до пропишаната стапка;
- износот на данокот кој го платила подружницата во странство, за добивката што е вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Северна Македонија до висината на данокот утврден според даночната стапка во Република Северна Македонија; и

### Даночно ослободување за даночни обврзници со посебен даночен статус

- Заштитните друштва, за вработување на инвалидизирани лица (согласно одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица);
- Стопанските единици во рамките на установите за извршување на санкции и казнено поправните установи (согласно одредбите од Законот за извршување на санкции); и
- Технолошко индустриските и развојни зони (во период од 10 години под услови и постапки утврдени со Законот за технолошки индустриски и развојни зони).

## ПРИЈАВУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

- Утврдувањето на данокот на добивка се врши на Даночен биланс за оданочување на добивка (образец ДБ).
- Трговските друштва кои влегуваат во режимот за оданочување на годишен данок на вкупен приход го утврдуваат на образецот ДБ-ВП.
- Здруженијата на граѓани, фондациите, сојузите, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдувањето на данок на вкупен приход го вршат на образецот ДБ-НП/ВП.
- Пропишаните обрасци се доставуваат до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на Годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство, односно до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето.
- За даночните обврзници кои Годишната сметка до Централен регистар на РСМ ја доставиле електронски, рокот за доставување е до 15 март.

## ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА МАЛИ И МИКРО БИЗНИСИ

Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва (кои не обавуваат банкарска, финансиска, осигурителна, и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри), кои ќе остварат вкупен приход по сите основи до 6 милиони денари на годишно ниво, подлежат на оданочување со данок на вкупен приход. Даночните обврзници кои оствариле вкупен приход до 6.000.000 денари на годишно ниво имаат обврска да поднесат образец “ДБ-ВП“ до Управата за јавни приходи, најдоцна до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето. Даночниот биланс на вкупен приход (образец ДБ-ВП) може да се достави најдоцна до 15-ти март, доколку даночниот обврзник Годишната сметка до Централниот регистар на РСМ ја доставил во електронска форма.

### Можност за избор на моделот на оданочување - за остварени приходи до 6 милиони денари

Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва (кои не обавуваат банкарска, финансиска, осигурителна, и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри), чии вкупен приход е до 6.000.000 денари на годишно ниво, имаат можност да се определат да плаќаат или годишен данок на вкупен приход од 1% или данок на добивка од 10%.

Доколку даночниот обврзник избере да плаќа годишен данок на вкупен приход има обврска да поднесе Даночен биланс на вкупен приход (образец “ДБ-ВП“) до Управата за јавни приходи, најдоцна до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето. Исто така, Даночниот биланс на вкупен приход (образец ДБ-ВП) може да се достави најдоцна до 15-ти март, доколку даночниот обврзник годишната сметка до Централниот регистар ја доставил во електронска форма. Одбраниот модел за оданочување со “годишен данок на вкупен приход“ ќе се применува во период од три години, вклучувајќи ја и годината за која даночниот обврзник се определил.

## ЗАДРЖАН ДАНОК (WITHHOLDING TAX)

На правните лица - нерезиденти на Република Северна Македонија (странски правни лица кои не се сметаат за постојани деловни единици на странското лице во Република Северна Македонија), им се пресметува и задржува данок на добивка на приходите остварени во Република Северна Македонија кои не се остварени во рамките на деловниот потфат на постојана деловна единица на странското лице на територија на Република Северна Македонија, под услов поинаку да не е определено со меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување.
Данокот го задржуваат домашните правни лица, домашните физички лица (регистрирани за вршење на дејност) и постојаната деловна единица на странското правно или физичко лице во Република Северна Македонија, при секоја исплата на следните видови приходи:

- Приход од дивиденди;
- Приход од камата;
- Приход од авторски хонорар;
- Приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Северна Македонија;
- Приход од вршењето на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги, и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или ако приходот е на трошок на постојаната деловна единица во Република Северна Македонија;
- Приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Северна Македонија;
- Приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Северна Македонија и странска држава;
- Приход од закуп на недвижности во Република Северна Македонија. На оданочување не подлежат:
- Трансферите на дел од добивката на постојана деловна единица на странско правно лице во Република Северна Македонија, на која претходно е платен данок на добивка;
- Приходот од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, Народна банка на РСМ и банки или други финансиски институции кои делуваат како претставник на Владата на РСМ;

- Приходот од камата од депозити во банка лоцирана во Република Северна Македонија; и
- Приходот остварен од посредување или консалтинг со државни хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар.

Оданочувањето се извршува без оглед дали приходите се исплаќаат во Република Северна Македонија или во странство. Даночната стапката изнесува 10%, доколку со договорите за одбегнување на двојното оданочување не е поинаку уредено.

Доколку примателот на приходите врз кој се применува задржување на данокот е резидент на држава со која Република Северна Македонија има потпишано Договор за одбегнување на двојното оданочување и двојното ослободување, оданочувањето и применетата даночна стапка не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во Договорот.

- Даночно ослободување или пониска стапка одредена во Договорот со странска држава се применува на приход врз кој се применува задржување на данок ако исплатителот на приходот располага со пропишан образец заверен од надлежен даночен орган на странската држава и од Управата за јавни приходи, или одобрение за даночно ослободување издадено од Управата за јавни приходи.
- Лицата кои имаат обврска да вршат задржување на данокот, пред да извршат плаќање на странското правно лице, имаат обврска од Управата за јавни приходи да побараат „Даночен идентификационен број" за странското правно лице. Странските правни лица (остварувачи на приходите) им обезбедуваат на субјектите кои што го уплатуваат (плаќаат) приходот и на Управата за јавни приходи соодветен доказ за примена на пониската или за примена на нулта стапката, утврдена со договорите за одбегнување на двојното оданочување на пропишаните обрасци - Барање за олеснување односно ослободување на данок врз основа на договорите за одбегнување на двојно оданочување, разграничени според видот на исплатениот приход: дивиденди, камата, приходи од авторски права и други приходи.
- Доколку при исплатата на приходите не се плаќа данок по задршка, во согласност со одредбите на договорите, примателот на приходот (странското правно лице) може да достави Барање за даночно ослободување и образец „Потврда за резидентен статус" од надлежниот даночен орган во странство, на начин и во постапка која ја утврдува Управата за јавни приходи.
- Обрасците и Потврдата треба да бидат потврдени (заверени) од надлежниот даночен орган во странство при секоја исплата, освен доколку се работи за зачестени исплати (по ист основ), кога заверениот образец се поднесува при исплатите што се вршат по секои изминати дванаесет (12) месеци. Даночниот обврзник кој има обврска да врши задржување на данокот, еднаш годишно до Управата за јавни приходи доставува Извештај за уплатениот данок по задршка (образец "ДД-И").

## Информирајте се повеќе за данокот на добивка!

Интернет страницата на УЈП www.ujp.gov.mk ви овозможува брз и лесен пристап до публикациите, даночните информации и обрасци. Ви препорачуваме да ги преземете даночните информации за оданочување со данок на добивка преку http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/142

Инфо центарот на УЈП http://kontaktcentar.ujp.gov.mk, преку бесплатната телефонска линија 0800 33 000 или 02/3253 200, ви овозможува да заштедите време и да користите лесна и брза комуникација со даночната администрација за општите прашања во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање.